# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 29 | 14.12.2018 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за примање и давање на донација – за остварување на јавен интерес – Донација на прочистувачи за воздух за Основните училишта во Градот Кавадарци | |
| Одлуката за примање и давање на донација – за остварување на јавен интерес – Донација на прочистувачи за воздух за Основните училишта во Градот Кавадарци; | |
| | |
| | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за примање и давање на донација – за остварување на јавен интерес – Донација на прочистувачи за воздух за Основните училишта во Градот Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на донација – за остварување на јавен интерес – Донација на прочистувачи за воздух за Основните училишта во Градот Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7090/1**
**14.12.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање и давање на донација – за остварување на јавен интерес – Донација на прочистувачи за воздух за Основните училишта во Градот Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација прочистувачи на воздух– 120 броја, во вредност од 2.214.000,00 денари, од страна на дaвателот на донацијата Фондација Никола Јанчев од Кавадарци со цел за остварување на јавен интерес и тоа заштита на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на воздухот, согласно член 22 ст.1 вцал.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) .

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Заменикот на Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 3**

Движните ствари од членот 1 од оваа одлука примателот на донацијата ги дава на Општинските Основни училишта во Градот Кавадарци согласно бројот на училници и тоа на :
-ООУ„Димката А Габерот-Кавадарци;
-ООУ„Димката А Габерот- Ваташа;
-ООУ„Тоде Хаџи-Тефов„-Кавадарци;
-ООУ„ Гоце Делчев„ -Кавадарци;
-ООУ„СтраШо Пинџур„ -Кавадарци
-ООУ„Тошо Велков-Пепето„ -Кавадарци,
за што ќе се склучи договор за давање на трајно користење и записник за примопредавање на истите.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-7076/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
14.12.2018 година Претседател
К а в а д а р ц и Ристо Сакалиев